Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 12.06.2021

На 11.06.2021 во 14.30 часот полициски службеници од СВР Скопје кај клучка Кадино го лишиле од слобода Н.С.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.06.2021 во 08.10 часот на автопатот Куманово - Табановце, кај место викано „Костурник", полициски службеници го лишиле од слобода Љ.М.(44) од Скопје, затоа што при преглед во товарно возило „фолксваген транспортер", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 20 мигранти од Бангладеш, од кои 9 биле малолетни лица. По наредба на Јавен обвинител мигрантите биле предадени на социјален работник од Министерството за труд и социјална политика, а Љ.М. бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.06.2021 во 21.10 часот на Граничен премин „Долно Блаце", при влез во Република Северна Македонија, бил лишен од слобода Р.Е.(25) од Р.Албанија, бидејќи по извршени гранични проверки било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси", на барање на Интерпол. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 11.06.2021 во 12.10 часот во Полициската станица Аеродром Г.Д.(41) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 11.06.2021 во 16.30 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Јужен булевар" се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „хонда", управуван од М.Н.(52) од Велес и патничко возило „сеат леон", со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.К. од с.Инциково, скопско. Во незгодата сопатничката од мотоциклот Ј.Н.(52) од Скопје се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.06.2021 од 00.00 часот до 04.00 часот било констатирано дека 47 лица не ја почитувале забраната за движење. Во текот на изминатото деноноќие (11/12.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија за мерката за носење лична заштита на лице регистрирани се 825 прекршоци.

На 11.06.2021 во 19.10 часот во Полициската станица Карпош Р.С.(61) од Скопје пријавила дека на ул.„Бледски договор" била касната од куче скитник.
На 11.06.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 189 мерки, меѓу кои за возење побрзо од дозволеното 58 санкции, 13 за возење без возачка дозвола, шест за управување под дејство на алкохол, 10 санкции за користење мобилен телефон, 21 санкционирани мотоциклист, шест казни за нерегистрирани возила, 53 за непропишно паркирање.

На 11.06.2021 во 23.30 часот на автопатот А-1, кај тунели Јаворица, од полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор и Граничен премин Богородица, заедно со полициски службеници од Р.Словенија биле лишени од слобода Х.Ф.(33) и М.Ф.(37), и двајцата од Р.Србија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.418 од Кривичниот законик. Имено, при контрола на товарно возило „ман", со српски национални ознаки, управувано од Х.Ф., каде како совозач бил М.Ф.(37) биле пронајдени 62 лица мигранти. Возачот и совозачот од возилото биле приведени во Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок. Мигрантите се сместени во Прифатниот транзитен центар Виноју - Гевгелија за понатамошна постапка.

На 11.06.2021 во 23.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека Н.Н.(16) од н.Оризари, кочанско, за која на 10.06.2021 било пријавено дека се оддалечила од домот, се вратила дома.

На 11.06.2021 во 21.40 часот било пријавено дека во Скопје, во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, А.К.(20) од с.Шишево, скопско и Е.Р.(26) од с.Сарај, скопско биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.06.2021 година во 19,50 часот во Полициската станица Гази Баба, С.С.(59) од Скопје пријавил дека во с.Дрма бил каснат од куче скитник.

На 11.06.2021 во 21.10 часот Џ.Н.(59) од с.Речане пријавил дека во Тетово, во угостителски објект, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од Н.С.(36) од Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 04.10 часот во Полициска станица Пробиштип од Здравствен дом Пробиштип било пријавено дека за укажување на лекарска помош бил донесен С.Г.(53) од с.Филиповци, кратовско. Според пријавеното, тој се здобил со повреда додека извршувал работни задачи во рудник во пробиштипско.

На 12.06.2021 во 02.10 часот од полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар биле приведени Р.Х.(32) и Х.Ц.(61), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.386 од Кривичниот законик. На 11.06.2021 околу 23.45 часот на подрачјето на Бит Пазар, додека П.С.(33) бил со И.Џ.(40), и двајцата од Скопје, Р.Х. со тврд предмет го нападнала П.С., а Х.Ц. со пиштол упатил закани кон П.С. и И.Џ.. Од страна на полициски службеници од Х.Ц. со потврда бил одземен пиштол „Застава" калибар 7,62 мм. и една рамка со девет куршуми. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.06.2021 во 17.40 часот во СВР Битола, од Итна медицска помош било пријавено починато лице Ш.В.(55) од Прилеп. Според пријавеното, на магистралниот пат Битола-Прилеп, пред Тополчани, додека управувал патничко возило, со прилепски регистарски ознаки, тој се пожалил на болки во градите на сопатничката Л.В.М.. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 11.06.2021 во 23.30 часот Е.Б.(35) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 20.40 часот било пријавено дека во туристичката населба „Отешево" настанал пожар при движење на патничко возило „цитроен ксара", со битолски регистарски ознаки, сопственост на В.К. од с.Покрвеник, ресенско, а во моментот управувано од неговиот 17-годишен син. Повредени лица нема, пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Ресен, а на местото на настанот излегле полициски службеници од Полициската станица Ресен.

На 11.06.2021 во 20.36 часот О.Е.(30) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Карпош непознат сторител го скршил стаклото од патничко возило „шкода суперб", со скопски регистарски ознаки и одзел ташна со пари и лаптоп. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 09.45 часот било пријавено дека во Битола, во бетонска база, при изведување на работни задачи со повреди се здобиле вработените С.Г.(61) и З.Ш.(52), и двајцата од Битола. Тие биле пренесени во Клиничката болница во Битола за укажување на лекарска помош. Известен бил Јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Битола.

На 11.06.2021 во 09.40 часот било пријавено дека на тргнување од стојалиште во Орешани кон Ново Зелениково, едно лице фрлало со камења по патничкиот воз кој сообраќал на релација Скопје-Велес. Повредени лица нема, а предизвикана е само материјална штета. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 11.30 часот В.С.(48) од Скопје пријавил дека на 09.06.2021 околу 23.30 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.06.2021 во 02.10 часот С.Ј.(39) од Скопје пријавил дека околу 00.55 часот на подрачјето на Аеродром бил нападнат со тврд предмет од четири лица, кои му одзеле пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 07.30 часот во Полициската станица Центар И.К.(73) од Скопје, пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син Г.К.(51). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.06.2021 во 09.21 часот С.К.(43) од Кавадарци пријавила дека околу 08.15 часот, додека била на работното место во Метадонскиот центар во Кавадарци, дошол Д.Ј. и почнал да ги навредува вработените, со остар предмет им упатил закани, а потоа ја оштетил и шофершајбната од возилото на пријавителката. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 18.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Чаир, додека Е.Д. од Скопје управувал патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, во кое како сопатници биле неговиот брат А.Д.(24) и неговиот другар, биле пресретнати од патничко возило „голф", без регистарски ознаки, управувано од едно лице. Според пријавеното, при обид да избега со возилото, Е.Д. удрил во товарно возило „цитроен", а потоа тој и неговиот другар избегале од возилото, а А.Д. бил нападнат со тврд предмет од возачот на другото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.06.2021 во 23.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба настанал пожар во патничко возило „фиат дукато", со скопски регистарски ознаки, сопственост на правно лице. Пожарот бил изгаснат, а на лице место излегле полициски службеници од СВР Скопје.

На 11.06.2021 во 10.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров С.О.(28) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот син С.Р.(11). За случајот е запознат социјален работник. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.